Утрински Весник, 15.2.2002, стр.15

*Отворање на изложбата „Тик, Так, Ток“ во Шкотска*

# Презентација на македонски уметници

Денеска во Центарот за визуелни истражувања на Универзитетот во Данди, Шкотска, ќе се отвори меѓународна изложба на македонски и шкотски уметници, насловена "Тик, Так, Ток". Изложбата во соработка со овој Центар ја организира Центарот за современи уметности од Скопје, чии координатори се директорот на Центарот, Мелентие Пандиловски и Бабс Мекол од Шкотска, додека оригиналниот концепт е на уметникот Ли Кокс од Шкотска.

Изложбата "Тик, Так, Ток" се состои од два дела посветени на уметничките часовници и временските машини. Првата изложба се одржа во Музејот на современата уметност во Скопје од 13 до 20 декември 2000 година, додека втората ќе биде отворена денеска во Шкотска и ќе трае до 10 март 2002 година. Замислата на оваа изложба е уметниците да креираат дела поврзани со идеите за мерење на времето. Но, не објективното мерење на времето, туку она сопственото, она кое ја доловува отсустноста и присутноста. Оној факт, дека кога нешто е живо, каде и да е, тогаш некаде, неговото време се забележува.

Од Македонија со по две дела на изложбата учествуваат: Искра Димитрова, Дејан Спасовиќ, Оливер Мусовиќ, Александар Здравковски, Стефан Шашков и Никола Велков, а од Шкотска: Ли Кокс, Пол Дигнан, Кевин Хендерсон и Стив Флек. Нашите уметници, кои престојуваат во Данди од 13 до 22 февруари освен, што ќе ги презентираат лично своите дела, тие ќе го претставаат и своето целокупно творештво. Додека Никола Писарев, како претставник од Центарот за современи уметности во Скопје, ќе ја претстави првата изложба "Тик, Так, Ток" што се одржа во Скопје 2000, а исто така ќе ги презентира и проектите на Центарот.

Се планира оваа изложба да биде патувачка и понатаму да биде претставена во повеќе градови во Европа. (С.У.)